## Проект: Поддршка на слободата на изразување во медиумите во Северна Македонија

**Број на серија**: 5.6

**Референтен број:** IPA/2020/420-934

Назив на проектот: **„Поддршка на слободата на изразување во медиумите во Северна Македонија“**

**Финансирано од**: Европската унија

# ТЕХНИЧКИ УСЛОВИ

# (TERMS OF REFERENCES - TOR)

**Позиција:** Консултант за подготовка на бизнис план
**Одговорен пред:** Раководителот на проектот

## ИСТОРИЈАТ

Како резултат на екстензивното ширење на жолтиот печат и неефикасното справување со говорот на омраза и дезинформациите кои се објавуваат на интернет-порталите и социјалните медиуми се забележува пад на професионалните стандарди и етиката во медиумите. Во текот на последниве години, социјалните медиуми прераснаа во најбрзиот начин да се стигне до публиката, а со тоа и содржината изнесена во овие медиуми има силно влијание врз јавноста. Говорот на омраза, повикувањето на насилство и линч се распространети на различни начини и честопати се третирани како вести на одредени интернет новински сајтови. Околу 23% од 68 пресуди донесени од страна на СЕММ во текот на 2018 година се однесуваа на говор на дискриминација и омраза. Во текот на 2019 година, до Комисијата за жалби при СЕММ се доставени 83 жалби, од кои 83% се однесуваа на електронски медиуми (интернет портали). 20% (или 12 жалби) се однесуваа на говор на омраза и поттикнување на дискримација по кој и да е основ. Согласно наодите од Мониторинг извештајот на „Прирачникот на ЕУ за слобода на медиумите и медиумска интеграција 2014-2020“ за 2017 година, во сите држави на Западен Балкан, здруженијата на новинари или неформални групи на новинари го промовираат Етичкиот кодекс, но тие немаат ефикасни правни средства за спроведување на промени за подобро. Ова е област во која треба да се воведат поефикасни мерки против говорот на омраза и против останатите облици на неетичко медиумско однесување.

При делувањето се применува холистички пристап кон медиумската писменост кој се темели на верувањето дека различните групи на засегнати страни во општеството кои имаат најразлични улоги и одговорности (уредници, новинари и останати медиумски работници, владини институции, невладини организации, граѓани) во областа на медиумска продукција и промет имаат потреба од континуирана поддршка при градењето на нивните капацитети, а во насока на развивање на критички настроен став во однос на известувањето заради спречување и воздржување од продукција и дисеминација на наративи кои се лажни, навредливи, пристрасни, како и штетни за поединците и групите во општеството.

Проектот е целосно конзистентен со програмските цели на СЕММ и неговите заложби за поддршка на професионалното новинарство во Северна Македонија. Со проектот се поддржуваат и натамошно се прошируваат активностите за справување со прашањата утврдени како предизвици за објективно и непристрасно известување и информирање, како на пример усвојување и почитување на професионалните и етички стандарди во медиумите, партнерство со Здружението на новинари на Македонија и Самостојниот синдикат на новинари и медиумски работници (ССНМ) во следењето и известувањето за притисоците и заканите против новинарите, како и натамошен развој на професионални стандарди во медиумското работење по пат на соработка, вмрежување и постојано утврдување и преземање одговорност за прекршувања на Етичкиот кодекс.

**Целната група** на проектот се најмалку 50 медиумски куќи во Северна Македонија, уредници и новинари, граѓански организации кои активно делуваат во областите на медиумска слобода, слобода на изразување и професионално медиумско и новинарско работење (некои од нив се ЗНМ, ССМ и Македонскиот институт за медиуми, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, јавниот дифузер Националната радио-телевизија, петте најголеми комерцијални телевизиски станици, како и граѓаните на Северна Македонија.

Неколку групи се јавуваат како крајни корисници на проектот: медиумските куќи во Северна Македонија, уредници и новинари, граѓански организации кои активно делуваат во областите на медиумска слобода, слобода на изразување и професионално медиумско и новинарско работење, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, јавниот дифузер Националната радио-телевизија, како и граѓаните на Северна Македонија.

Проектот ги има следниве цели:

**Проектни цели:**

**Општата цел** на проектот е: Јакнење на слободата на медиумите и слободата на изразувањето во медиумите во Северна Македонија.

**Специфичната цел** на проектот е: Подобрена саморегулација во медиумите во Северна Македонија

Примарното прашање кое е опфатено со делувањето е проблемот на поддршка на слободата на изразување преку подготовка и развој на професионални стандарди во медиумите во државата. Појавата на нови медиуми, а особено зголеменото влијание на социјалните медиуми, доведоа до влошување на проблемот. Историјата на политичко влијание во медиумите и во работењето на новинарите е проблем со кој сериозно се загрозува целта за етичко известување на медиумите во државата. Политичките влијанија се наметнуваат на низа начини – преку сопственичката структура на медиумите во државата, преку повеќе или помалку директен притисок врз медиумите и новинарите, но исто така и со релевантноста на политичките елити за финансиската одржливост на медиумите во државата.

СЕММ ќе продолжи да ја промовира жалбената алатка како механизам за идентификација и алатка за обработка на медиумски случаи кои вклучуваат прекршување на Етичкиот кодекс. Акумулираното знаење и информации за одредени случаи ќе се изнесат во извештаи за студии на случај кои ќе се достават до различните групи на засегнати страни (новинари и медиумски работници, властите, граѓаните и граѓанските организации). Широката примена на алатката не само што ќе ја унапреди отчетноста и саморегулација кај медиумите, туку и ќе придонесе за развој на прегледник на знаење во однос на идентификување и постапување по инциденти кои вклучуваат непрофесионално и неетичко известување и јакнење на целите на делувањето за медиумска писменост.

**<u>Специфична цел на проектот</u>**

Специфичната цел на проектот е поддршка на процесот за бизнис развој на СЕММ. Оваа активност е подробно опишана во Активноста 1.3.1 – 1.3.3 од проектот.

**А 1.3.1 Организирање на најмалку пет консултативни средби со засегнатите страни (медиуми, експерти, граѓански организации) во однос на бизнис планот и моделот на членство на СЕММ** *(Месец 7 – Месец 10)*

Со зголемувањето на членството и редовните активности на СЕММ, организацијата се соочува со притисоци за проширување на нејзините капацитети и јакнење на одржливоста. Како поддршка на одржливоста на работењето на СЕММ, ќе се изработи бизнис план, кој конкретно ќе се сосредоточува на развој на одржлив модел на членарина и диверзификација на финансиските извори на организацијата. Бизнис планот ќе претставува патоказ за проширување и диверзификација на изворите на поддршка на СЕММ, како и план за развој на капацитетите на организацијата. Во процесот на подготовка и развој на бизнис планот ќе се опфатат вработени во СЕММ, соработници, волонтери, како и надворешни лица во процесот на разгледување и планирање. Ќе се одржат најмалку пет консултативни средби со релевантните засегнати страни (медиуми, граѓански организации, како ЗНМ, експерти) со цел дискутирање на стратегии за постигнување одржливост на организацијата, потенцијал за имплементација на модел на членарина за медиумите-членки, поддршка на развојот на бизнис планот).

**А 1.3.2 Организирање на две еднодневни работилници за бизнис планирање со најмалку 15 учесници од професионални медиумски/новинарски организации, претставници на членките на СЕММ (медиумите) и претставници од органите на СЕММ (Управниот одбор, Надзорниот одбор и Комисијата за жалби)** *(Месец 7 – Месец 8)*

За целите на подготовка и развој на бизнис планот на СЕММ, ќе се организираат најмалку две работилници за членовите на тимот на СЕММ и нивните соработници. Фокусот на работилниците ќе биде развој на цели, средства и акциски план, како и развој на капацитетите на вработените во насока на имплементација на бизнис планот на организацијата. Бизнис планот на организацијата ќе се дефинира во текот на организираните обуки и најмалку 5 средби со релевантните засегнати страни (А1.3.1). Првата работилница ќе се осврне на основните начела на бизнис планот додека втората работилница на процесот на развој на бизнис планот и дискусија за стратегиите и алатките за негова имплементација. Најмалку 15 засегнати страни – претставници од професионални медиумски/новинарски организации, претставници на членовите на СЕММ (медиумите) и претставници од органите на СЕММ (Управниот одбор, Надзорниот Одбор и Комисијата за жалби) ќе учествуваат во работилниците. Експерт од Советот за етика на ЕУ/член на Алијансата на независни совети за етика во Европа) ќе ја модерира работилницата.

**А 1.3.3. Подготовка на бизнис план за СЕММ** *(Месец 8 – Месец 10)*

Бизнис планот, кој треба да се подготви во соработка со експерти од организацијата и функционирањето на саморегулаторните тела, ќе содржи модел за спроведување на систем за членарина, за медиумите кои се членки на мрежата на СЕММ. Воедно, бизнис планот ќе содржи стратегија за проширување и диверзификација на изворите на финансирање на организацијата, а едновремено ќе служи и како водич за делувањата на тимот од организацијата за период од две години. Во текот на средбите организирани со медиумите кои се постоечки членки на Советот, проектниот тим ќе се залага за промовирање и унапредување на моделот на членарина и поттикнување интерес и соработка од страна на членовите по однос на ова прашање. Клучната претпоставка која лежи зад воведувањето на моделот на членство е таква што нема да претставува единствено релевантен стожер на одржливост на организацијата, туку и ќе поттикне чувство на сопственост кај медиумите кои плаќаат членарина, како и нивна засилена заложба за остварување на целите на организацијата и учество во сите нејзини активности. Нацрт-верзијата на бизнис планот ќе се заврши до крајот на деветтиот месец, а потоа ќе се достави до релевантните страни за разгледување и коментари. Финалната верзија ќе биде готова до десеттиот месец од имплементацијата на проектот.

**Предмет на набавка**

Експерт за подготовка на бизнис план како поддршка на подготовката на новиот бизнис план за СЕММ.

Број на експертски денови: 20

**Задачи**

- Учество во консултативните средби со засегнатата страна (СЕММ);
- Анализа на сите релевантни документи доставени од страна на засегнатата страна:
- Прибирање на релевантни информации од засегнатите страни и од други извори на податоци;
- Модерирање на две еднодневни работилници за бизнис планирање и прибирање релевантни влезни информации за подготовка на планот;
- Обезбедување на резиме за релевантните наоди од работилницата и нивно дискутирање со засегнатата страна;
- Подготовка на нацрт-бизнис план;
- Прибирање и вклучување на коментарите и критиките од клучните засегнати страни и од СЕММ;
- Подготовка на конечната верзија на новиот петгодишен бизнис план на СЕММ и негово претставување пред засегнатата страна.

**Надлежности и претходно искуство**

Квалификации и вештини:

Универзитетска диплома од хуманистички и општествени науки, филозофија или право. Диплома од магистерски студии би се сметала за предност.

Одлично познавање на англискиот јазик.

Одлични аналитички вештини, како и вештини на пишување и известување.

Високо ниво на професионализам и способност за работа при куси временски рокови.

Општо професионално искуство:

Најмалку 7 години во областа на слобода на медиумите, медиумски професионализам и етика, медиумска само-регулација и етика во медиумите

Искуство при управување со проекти/програми кои се однесуваат на органи за саморегулација, редакции и/или медиумски организации

Искуство во советништво и/или подготовка на бизнис планови/стратегии, а особено во областа на саморегулација во медиумите и/или постапување со жалби од страна на медиумски организации, а по можност на меѓународно ниво

Financed by the
European Union

Конкретно професионално искуство:

Најмалку тригодишно искуство во областа на саморегулација во медиумите и во работењето на советите за етика во земјите-членки на ЕУ и пошироко.

Најмалку двегодишно искуство во менаџирање и стратегии за одржливо финансирање на совети за медиуми.

**Буџет:**

Вкупниот буџет за позицијата е 3.600 евра (бруто износ)

Вкупниот износ ќе се исплати по завршувањето на документот (Бизнис планот), до крајот на месец ноември 2021. Субјектот-обезбедувач на услугата (СЕММ) е обврзан на избраниот понудувач да му го исплати персоналниот данок согласно даночните закони и процедури во Северна Македонија.

Деталите, обврските и процесот на плаќање ќе се дефинираат во договорот склучен помеѓу Субјектот-обезбедувач на услугата (СЕММ) и избраниот понудувач.

Трошоците за сместување и патување ќе бидат покриени од страна на барателот на услугата (СЕММ).

**Неопходни документи**

Заинтересираните кандидати треба да ги поднесат следниве документи:

- Писмо за изјава (Анекс прикачен кон овој Опис на проектот);
- Кратка биографија (CV) и две професионални препораки прикачени кон CV-то
- Вообичаениот доказ за националност согласно националното законодавство (пасош).

**Временска рамка:**

| Временска рамка | Опис на задачата | Излезен резултат |
|---|---|---|
| 5 дена<br>(до 15 октомври 2021) | Подготовка за процесот на развивање на бизнис планот | Краток преглед на почетните наоди и подготвена презентација за работилниците |
| 5 дена (до 8 ноември) | Улога на олеснувач на две еднодневни работилници за деловно планирање. Работилниците ќе се одржат со физичко присуство. | Преглед и резиме на релевантните наоди од работилницата и нивно претставување пред засегнатата страна (СЕММ) |
| 8 дена<br>(до 25 ноември) | Подготовка/развој на бизнис планот | Нацрт-верзија на бизнис планот и одржани консултации со СЕММ |
| 2 дена<br>(до 30 ноември) | Завршување на бизнис планот и претставување на конечниот документ. | Конечна верзија на петгодишниот бизнис план |